**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој

УП бр.1310-68
Број на постапка 55925
10.09.2024 година
Велес

**ПОТВРДА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА НА ГП М1.12, ГП М1.13 И ГП М1.14, ОД УПВНМ БАШИНО СЕЛО, М.В. ЗАД ЦРКВА, ОПШТИНА ВЕЛЕС**

Општина Велес ја разгледа доставената документација со барањето за одобрување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП М1.12, ГП М1.13 и ГП М1.14, од УПВНМ Башино Село, м.в. Зад црква, Општина Велес, изработен од Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес, со техн.бр.70/22 од Јули 2024 година и согласно Законот за урбанистичко планирање (чл.63 од Законот за урбанистичко планирање, Сл. Весник на РСМ број 32/20, 111/23 и 171/24) и Правилникот за урбанистичко планирање, (Сл.Весник на Р.С.М. број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), ја издава следната:

**П О Т В Р Д А**

Се издава Потврда за одобрување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП М1.12, ГП М1.13 и ГП М1.14, од УПВНМ Башино Село, м.в. Зад црква, Општина Велес, изработен од Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес, со техн.бр.70/22 од Јули 2024 година.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес, поднесе барање за одобрување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП М1.12, ГП М1.13 и ГП М1.14, од УПВНМ Башино Село, м.в. Зад црква, Општина Велес, изработен од Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес, со техн.бр.70/22 од Јули 2024 година, врз основа на извод од план со УП бр.13-4687/2 од 03.11.2022 година. Во постапката е приложена следната документација:

1. Проектна програма со тех.бр.70/22 од Октомври 2023 година одобрена со УП бр.1310-68 од 02.11.2023 година;
2. Урбанистички проект со план за парцелација на ГП М1.12, ГП М1.13 и ГП М1.14, од УПВНМ Башино Село, м.в. Зад црква, Општина Велес, изработен од Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес, со техн.бр.70/22 од Јули 2024 година и одобрено со позитивно мислење од комисија со УП бр.1310-68 од 26.07.2024 година;

3. Извештај од стручна ревизија на урбанистички проект, со тех.број 156/23 од Јули 2024 година, изработен од „ИНГРА ДООЕЛ“ - Скопје, со седиште на ул.Скупи бр. 3 А бр.40 А, Скопје;
4. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени - ажурирана геодетска подлога со деловоден бр. 08-267/4 од 09.08.2022 година, изработен од трговско друштво за геодетски работи „ГЕОДЕТ ДООЕЛ РАДОВИШ“ Велес заверен од АКН со број 1110-76/2022 од 21.09.2022 година.
5. Електронски запис од АКН дека го исполнува квалитетот од тематски и тополошки аспект;
6. Полномошно од инвеститорот;
7. Донесена Одлука на Совет со бр.25-3377/8 од 30.08.2024 година
8. Мислења од субјектите од член 47 од Законот за урбанистичко планирање:
    - Дирекција за заштита и спасување – подрачно одделение Велес со бр. 09-74/2 од 27.03.2024 година.
    - Агенција за катастар на недвижности со бр.0939-12119/1 од 29.08.2024 година
    - Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје со бр.10-23/3-120 од 11.03.2024 година.
    - ЈКП Дервен со бр. 09-423/2 со бр. 06.03.2024 година.

Општина Велес по разгледување на доставеното барање и приложената документација, согласно наведениот Закон ја издава бараната Потврда за одобрување на урбанистички проект.

Градоначалник
на Општина Велес
**Марко Колев**

Marko Kolev
Digitally signed by Marko Kolev
Date: 2024.09.12 11:20:30 +02'00'